8995

**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS

BEOGRAD — Knez Mihailova 2/X — Pošt. fah 842

Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account 608-1-251-1

SLUŽBA DOKUMETACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

MLADI BORAC - Skopje

10. III. 1969



**Глигор Чемерски:**

# МЕ ПРИВЛЕЧЕ ИДЕЈАТА НО И РИЗИКОТ

ПОЗНАТИОТ СЛИКАР Глигор Чемерски, кој што од првата самостојна изложба во Белград беше посебно добро примен, не престанува да не́ изненадува со својата инвенција. Неговата последна ликовна креација беше сценографијата за драмата „Пештера" од Миле Неделковски, што ја постави драмскиот Театар од Скопје во режија на гостинот од Ниш, режисерот Душко Родиќ.

Тоа беше повод да го побараме уметникот и да поведеме еден краток разговор со него.

● **Колку што ни е познато ова е Ваша прва театарска сценографија. Како дојде до тоа да се обидете и на ова подрачје?**

— Мислам дека никогаш не би се прифатил да работам како професионален сценограф. Ги сакам оние нешта во кои љубопитноста, ризикот, изненадувањето се значајни елементи. Тука се раѓа она што е најпривлечно во уметноста, она што не може да биде заменето со никаква вештина, елоквенција, рутина. Кога Миле Неделковски и Душко Родиќ ми понудија да ја изработам сцената за „Пештера", ме привлече исто толку ризикот, авантурата, колку и идеата за една Пештера што расте.

● **Во каков однос се текстот на драмата и визуелното решение што го предложивте. тј. сметате ли дека единствено така можел да изгледа амбиентот во кој се случуваат драмските судири во „Пештера"?**

Се разбира дека морав да појдам од одредените сугестии на текстот. Се разбира исто така дека предложив свое решение како што тоа би го предложил, на свој начин, некој друг уметник на моето место. Го сметам текстот на Миле Неделковски за многу привлечен, а идејата ентерјерот од една вила да се претвори во текот на дејствието во предисториска пештера, извонредно ликовно богата и благодарна. За мене беше битно дека конвенционалниот декор на вилата веќе на самиот почеток е во растурање. Јас го земав за централно она што расте, она кон што се движи целата драмска суштина, а тоа е пештерата. Резултат на тоа беше што израсна еден објект кој паралелно со функцијата да овозможи погоден мизансцен, можеше да има, како што некои тврдат, и автономна ликовна вредност.

● **Може ли да се претпостави дека кога Ви беше предложена сценографијата, авторот и режисерот сметаа на некои одлики што ги поседува Вашето сликарство?**

За нив изгледа дека тоа беше мошне важно за изборот. За мене пак, тоа воопшто не беше ист проблем. Покрај визијата на просторот, сценографијата бара и решение на тој простор, а тоа веќе создава одредени, конкретни задачи. Мислам дека не се откажав од некои лични пластични афинитети, но сето тоа мораше да биде модифицирано на нов начин. Конечно, во драмата постои еден сликар, за кого јас требаше да сликам, но не можев, нити сакав едноставно да му го позајмам своето сликарство. Морав на некој начин да му се потсмевам, како што тој постојано им се потсмева на сите учесници на драмата.

● **Со оглед дека критиката поволно се изрази за Вашата сценографија, имате ли намери и понатаму да се бавите со оваа дисциплина?**

— Критиката не може да ме обврзе ако не ме обврзе некој нов афинитет. Се́ што е ликовно му припаѓа на она што е за мене привлечно. Освен сликарството не постои нешто друго што професионално и постојано би ме врзало. Ме очекуваат голем број изложби.

**Слободанка ПАРЛИЌ**